Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16; 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Центар - Скопје го издава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 05 – Маџир Маало 2, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024 дека Градоначалникот на Општина Центар - Скопје донесе Одлука за спроведување на

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
## по Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 05 – Маџир Маало2, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024

Границата на зафатот е дефинирана:
-на **североисток**, границата на плански опфат се совпаѓа со осовина на регулација на корито на река Вардар;
- на **југоисток** со осовина на собирна улица „Никола Карев";
- на **југозапад** се движи по осовина на собирна улица - бул. „К. Ј. Питу";
- на **северозапад** по осовина на транзитна магистрална улица - бул. „Крушевска Република".

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 12,12 ха.

**Јавната презентација** по Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 05 – Маџир Маало 2, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024, **ќе се одржи во** просториите на **Општина Центар - Скопје** (ул.„Михаил Цоков" бр.1) **во сала за состаноци, барака 6, на ден 20.11.2019 година (среда) во 13.00 часот.**

Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 05 – Маџир Маало 2, Општина Центар - Скопје, плански период 2019 - 2024 **ќе биде изложен во** просториите на урбаната заедница „Мирче Мацан" (ул.„Пролет" бр.39, Скопје) **секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, од 12.11.2019 до 26.11.2019 година.**

**Соопштението** за организирање на јавна презентација и јавна анкета **ќе биде објавено на** веб страната на Општина Центар - Скопје **www.centar.gov.mk и на информацискиот систем е-урбанизам**.

Контакт телефони **3203 605** и **3203 660** и email: **planiranje@centar.gov.mk.**

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат анкетни листови со забелешки и предлози по предлог планот.

Бр. 09-3161/12
06-11-2019 год.
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Саша Богдановиќ**